## Д-1-3-3 Наплата на царинскиот долг

Плаќањето на царинскиот долг го врши царинскиот должник. Во случај на директно застапување, царинскиот орган може да прифати и плаќање од овластениот застапник.

## Пресметан со царинска декларација

*ЦЗ член 237* Плаќањето на износот на давачки се врши во денари со уплата на денарски средства со образец ПП 50, на буџетска сметка број **100 - 000000063095** уплатна сметка **845-XXX-0960**, Царинска управа на РМ, при што начинот на плаќање треба да биде итен, со пополнување на шифра 1 (во рубрика начин). Начинот на кој треба да биде пополнета уплатницата (образец ПП50) е даден во прилог Ѓ на ова упатство.

Стоката не може да се пушти ако не се изврши евидентирање на плаќањето. Одделението за наплата по добивањето на уплатата од трезорскиот информативен систем веднаш преку информативниот систем на Царинската управа врши евидентирање на приходите во соодветната испостава.

**Поднесување на оригинален образец ПП50 кон царинска декларација како доказ за извршена уплата не е задолжително.**

За случај на користење на одложување на плаќање види дел Д-1-4.

## Пресметан со решение

По завршувањето на постапката на уредно доставување на решението со пресметка до царинскиот должник (или царинските должници), еден примерок од решението со ставен печат или забелешка за извршност треба да се достави до Одделението за наплата и буџет. Царинскиот орган кој го доставува решението го раздолжува предметот со деловодниот број од испратеното решение до